UDC 343.5:336.41

Naser Etemi, PhD[531]

# DISA KARAKTERISTIKA FENOMENOLOGJIKE TË VEPRAVE PENALE DOGANORE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# НЕКОИ ФЕНОМЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЦАРИНСКИТЕ КАЗНЕНИ ДЕЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# SOME FENOMENOLOGICAL CHARACTERISTICS OF CRIMES IN CUSTOMS ADMINISTRATION OF REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract

*Aim of Resarch*

In this paper I try to present some phenomenological features in customs crimes such as the number of criminal offenses detected by the Customs Administration, form of conduct, type of goods which are carried out these crimes, citizens who have committed, persons convicted for the period 1997 - 2011, types of sentences, etc..

*Methods*

This paper used statistical methods (analyzed data from the Statistical Office of the Republic of Macedonia), dialectic methods and other methods known in research field.

*Results*

Participation of this crimes in Chapter of crimes against the economy and finances that includes these crimes are very high, only

[531] Ligjërues në Fakultetin për detektiv dhe siguri, Univerziteti i parë privat FON – Shkup, Shkup, Republika e Maqedonisë, email-i: naseretemi@yahoo.com

a third of people presenting as offenders are convicted, we have a large number of foreign nationals as perpetrators of smuggling and smuggling is more representative of the crimes within the field of customs offences etc..

*Conclusions*

Not enough is known about phenomenological features of this crime because it is dynamic and constantly occurs through new forms, changing products that are presented in this crime depending on interest and profits they brings. Customs offenses are not sufficiently studied especially in terms of their multidimensional implications that challenge this crimes. Customs offenses constitute a form of crime that significantly jeopardize the economic, financial, security and judical integrity of the Republic of Macedonia, so that there is an imperative requirement for effective engagement in the detection and prevention of this type of crime.

***Key-words*: crime, customs, smuggling, customs fraud, finance.**

**Вовед**

Граѓаните во сите системи имаа традиционално негативен став кон обврската за плаќање на царинските и другите давачки кон државата. Целта на државата е да обезбеди граѓаните да ги извршуваат своите матерјални обврски спрема државниот буџет и фондовите, што државната власт ги обезбедува со спроведување на мерките на казнено-правната присила. Поради ваквите спротивставени интереси на граѓаните и државата, многу порано во законодавствата се појавиле кривични дела со кои се заштитуваат царинските давачки, кои се присутни во сите држави во целиот историски развој, бидејќи избегнувањата на плаќање на царинските давачки се стари колку и самите тие обврски за плаќање. Избегнување на плаќањето на царинските давачки и настојувањето да се одбегнува или ублажи нивното дејствување се присутни во сите даночни системи. Интензитетот на овој отпор зависи од многу фактори. Со зголемување на висината на

царинските давачки се зголемуваа и обидите за неплаќање на тие давачки.

Функционалноста на системот на превенција и на репресија на криминалот се мери, најпрвин, преку неговите непосредни ефекти од аспект на откриениот, пријавениот и пресудениот криминал. Од статистичките движења на криминалот воопшто, а во тие рамки и на криминалот во царинското работење, упатуваат несомнено на висок степен неефикасност и треба да биде предмет на сериозна научна и стручна опсервација. Противправните однесувања на обврзниците на царинските давачки се квалификуваат како царински прекршоци, додека најтешките облици на овие деликтни однесувања во кривичното законодавство се квалификуваат како кривични дела. Кривичниот законик како типични царински кривични дела ги предвидува: криумчарењето (чл. 278), царинска измама (член 278-а) и прикривање на стоките кои се предмет на криумчарење и царинска измама (член 278-б). Прекршоците во областа на царината се предвидени во Царинскиот закон и тоа во Поглавјето 9, Законот за царинската управа, Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, Законот за акцизи и/или други закони со кои се дадени одредени прекршоци во надлежност на царинската управа. Се до 2004 год. во Кривичниот законик постоеше само едно кривично дело од областа на царината и тоа под назив криумчарење. Со криумчарење се подразбира пренесување стоки преку царинска линија избегнувајќи ја царинската контрола. Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик во 2004 год. се внесени членот 278-а царинска измама и членот 278-б прикривање на стоките кои се предмет на криумчарење и царинска измама Со овие измени е отидено чекор понапред во казнено-правното регулирање на царинските кривични дела, односно во борбата против царинскиот криминалитет. Со царинска измама подразбираме избегнување, целосно или делумно, плаќање на давачките кои се плаќаат при увоз или извоз со што на царинскиот орган му се даваат лажни

податоци за стоки, или не се исполнува обврска со цел за доведување во заблуда на царинскиот орган. Со членот 278-б се казнува тој што купува, продава, растура, прима подарок, крие, прима на чување, користи или прифаќа на чување стока која е предмет на делото од членовите 278 и 278-а. Овие кривични дела спаѓаат во Главата XXV– Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и од ова можеме да заклучиме дека царинскиот криминалитет прво има финансиски карактер, а потоа и економски карактер, бидејќи државата преку царината обезбедува значајни финансиски средства за нејзино опстојување, односно државата со казнени норми треба да ја обезбеди сигурноста на јавните приходи, односно јавните финансии што служат за остварување на другите нејзини функции (здравство, образование, одбрана, безбедност и др.).

Македонската кривично-правна теорија и криминологија, недоволно се занимава со проблемот на царинскиот криминалитет, но тоа не е пречка да се укажува на сложеноста на проблемот и вредностите на феноменолошките карактеристики што ги покажува оваа појава. Царинскиот криминалитет ја следи динамиката на развојот на целото стопанство и често овој факт се наведува и како причина за недоволно познавање на главните карактеристики. До сознанијата за обемот, динамиката и структурата на криумчарењето можеме да доаѓаме со увидот во податоците на националната статистичка евиденција и другите податоци добиени од различни анкети. Но, притоа не се пропушта да се изнесе податокот дека само 10-15% од економските деликти се евидентираат во полициските и судските статистики, а од познатите само мал дел се решава со судска пресуда и примена на санкција. На тој начин се истакнува големото значење и влијание на "темната бројка" кај овој криминалитет.

Предмет на посебен интерес се обемот на поднесени кривични пријави, одлуки по пријавите, квалитетот на пријавите, поднесени обвиненија, донесени пресуди и изречени казни преку кои ќе се обидам да ги прикажам царинските кривични

дела како дел од царинскиот криминалитет. Ќе бидат анализирани официјалните податоци на Државниот завод за статистика објавени во Статистичкиот преглед Сторители на кривични дела за временскиот период од 1997 до 2009 год. Тоа е еден подолг временски период од тринаесет години, што дава гаранција за поверодостојно согледување на одредени состојби и дава поголема можност за оцени и заклучоци за успешноста, односно неуспешноста на откривањето и гонењето на сторители на кривични дела.

1. Феноменолошките карактеристики на криумчарењето

Од изнесениот преглед јасно може да се види дека во сите години пријавените сторители на кривичното дело криумчарење учествуваат во просек над 12% од вкупниот обем на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Тој процент во повеќе години се движи од 15% до над 19%, со тенденција за благо намалување во 2006 и 2007 год. За анализираниот период најкарактеристичен е податокот од 2004 год. кога од вкупно пријавените кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичното дело криумчарење учествува дури со 19,15%. Општиот процент на учество на ова кривично дело во вкупно пријавените сторители на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството изнесува 12,87%. Што покажуваат овие податоци? Од овие податоци може да се заклучи дека е висока позицијата на ова кривично дело во вкупниот обем на поднесени кривични пријави за сите други кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството ако се земе предвид и бројот на кривични дела кои се предвидени во ова глава од КЗ и тоа повеќе од 20 кривични дела.

*Табела бр. 1. Поднесени кривични пријави за кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и од тоа за кривичното дело криумчарење.*

| Година | Вкупно сторители пријавени против јавните финансии, платниот промет и стопанството | Вкупно пријавени за кривичното дело криумчарење | % на учество на сторителите на криумчарењето во вк. пријавените против јавните фин. пл. промет и стопанстввото |
|---|---|---|---|
| 1997 | 548 | 94 | 17.15 |
| 1998 | 642 | 119 | 18.53 |
| 1999 | 620 | 106 | 17.10 |
| 2000 | 535 | 85 | 15.88 |
| 2001 | 654 | 81 | 12.38 |
| 2002 | 759 | 75 | 9.88 |
| 2003 | 490 | 39 | 7.96 |
| 2004 | 632 | 121 | 19.15 |
| 2005 | 580 | 59 | 10.17 |
| 2006 | 599 | 36 | 6.01 |
| 2007 | 569 | 23 | 4.04 |
| 2008 | 596 | 94 | 15.77 |
| 2009 | 543 | 43 | 8,00 |
| Вкупно | 7767 | 975 | |

Извор: Сторители на кривични дела 1997-2009, Завод за статистика на РМ

### 1.1. Обем на поднесени кривични пријави и одлуки по пријавите од 1997 до 2009 година

Во времето од 1997 до 2009 год. за кривичното дело криумчарење биле поднесени кривични пријави против 975 лица.

*Табела бр. 2. Преглед на поднесени кривични пријави и одлуки по пријави од 1997 до 2009 год. за кр. дело криумчарење*

| КРИУМЧАРЕЊЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Вк.пријавени | Отфрлена пријава | % на отфрлени | Прекината истрага | Запрена истрага | Поднесено обвинение | Непознати сторители |
| 1997 | 94 | 12 | 12,76 | / | 2 | 80 | / |
| 1998 | 119 | 25 | 23,73 | / | / | 93 | 1 |
| 1999 | 106 | 3 | 2.83 | 1 | 4 | 98 | / |
| 2000 | 85 | 6 | 7,06 | / | 1 | 76 | 2 |
| 2001 | 81 | 8 | 9,87 | / | / | 63 | 10 |
| 2002 | 75 | 11 | 14,66 | / | 1 | 52 | 11 |
| 2003 | 39 | 4 | 10,25 | 1 | 4 | 28 | 2 |
| 2004 | 121 | 22 | 18,18 | 1 | 10 | 73 | 15 |
| 2005 | 59 | 9 | 15,25 | / | 2 | 47 | 1 |
| 2006 | 36 | 1 | 2,77 | / | 3 | 24 | 8 |
| 2007 | 23 | 2 | 8,69 | / | / | 21 | / |
| 2008 | 94 | 12 | 12,76 | / | 6 | 68 | 8 |
| 2009 | 43 | 2 | 4,6 | / | 3 | 36 | 2 |
| Вкупно | 975 | 112 | 11,03 | 3 | 36 | 759 | 60 |

Извор: Сторители на кривични дела 1997-2009, Завод за статистика на РМ.

Од податоците може да се види дека за кривичното дело криумчарење во 1997 година биле пријавени 94 лица, а потоа во наредните две години имаме мало зголемување и се движи од 119 до 106 лица годишно. Во 2004 год. се бележи позначително зголемување на кривичните пријави, бидејќи во таа година биле поднесени пријави против 121 лица, што е 200% повеќе во однос на претходната година. Причините за ова може да се бара во новите законски овластувања што ги доби ЦУ со измените и дополнувањата на КЗ и Законот за ЦУ кои влегоја во сила 2004 год. Со овие измени ЦУ доби нови надлежности и се предвидени нови форми на царински инкриминации. Во 2005 год. бројот на пријавени лица бележи пад дури 50% во однос не 2004 год. Во 2006 и 2007 год., исто така се бележи пад на пријавените лица. Но во 2008 год. бројот на пријавените лица во однос на 2007 год. бележи енормно зголемување и тоа до 300%. Се поставува

прашањето зошто се јавуваат толку големи отстапувања на бројките за оваа кривично дело. Одговорот на ова бара многу објаснување и тешко е да се најде сооодветниот одговор. Како причини би биле периодичното намалување на овој криминалитет во временски период 2000-2003 год. и периодот 2005-2007 год. и затоа се јавуваат големи отстапувања, или е резултат на отсуство на преземање на соодветни мерки од страна на оние кои се задолжени да се борат против овој вид на криминалитет, или е резултат на законските измени на царинското и кривичното законодавство токму во периодот кога имаме големи отстапувања. Дали овие пријавени сторители на кривичното дело го покажуваат вистинскиот обем на делото, е доста сложено прашање. Меѓутоа, имајќи ги предвид сите околности за изминатите години во периодот на транзиција и приватизација на општествениот капитал, при што се констатирани значителни кршења на законотво услови на бројни форми и облици на незаконитост и криумчарење, во никој случај не може да се смета дека тоа што е пријавено за кривичното гонење претставува реален одраз на извршување на ова кривично дело.

### 1.2. Жените како извршители на криумчарењето

*Табела бр.3 Преглед на поднесени кривични пријави против жените од 1997 до 2009 год.*

| 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | Вкуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | 1 | 3 | 2 | 1 | 3 | 2 | 3 | 3 | 1 | 2 | 6 | 2 | 29 |

Извор: Сторители на кривични дела 1997-2009, Завод за статистика на РМ.

Анализирајќи го односот на извршување на кривичното дело криумчарење, по половата припадност, се дојде до податоци дека криумчарењето е претежно криминалитет на машките лица. Во временскиот период од 1997 до 2009 год., за кривичното дело криумчарење до јавните обвинителства во РМ се поднесени кривични пријави против 29 жени, што претставува 3% од вкупно поднесените пријави за кривичното дело криумчарење. Најкарктеристично е во 2008 год. кога бројот на поднесените

пријави против жените е шест, додека во 1997 год. нема поднесена пријава против женско лице. Од табелата 3 се гледа дека со зголемувањето на пријавените лица за криумчарење, константно се зголемува и учеството на лицата од женскиот пол во извршување на кривичното дело криумчарење. Од табелата бр. 3 може да се види дека бројот на поднесените кривични пријави против жените е симболична и е многу мал што го потврдува познатиот факт дека машките лица вршат повеќе кривични дела отколку жените, дека криминалитетот е машка работа. Тоа, пред се́, се должи на општествено-економскиот статус на жената, постојаната општествено-економска нерамномерност што се јавува како резултат на условите што ја детерминираат општествената улога на жената во македонското општество.

### 1.3. Казнената политика на судовите во однос на кривичното дело криумчарење, донесени пресуди и изречени казни

*Табела бр.4 Преглед на пресудени лица за кривичното дело криумчарење*

| Криумчарење | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно осудени | Затвор | | | | | | | | | Условна осуда | |
| | | Од 3 до 5 год | Од 2 до 3 год | Од 1 до 2 год | Од 6 до 12 месец | Од 3 до 6 месец | Од 2 до 3 месец | Од 1 до 2 месец | До 30 дена | Вкупно затвор | Затвор | Парична казна |
| 1997 | 16 | - | - | - | - | 3 | - | 3 | 5 | 11 | 2 | - |
| 1998 | 27 | - | - | - | - | 7 | 6 | 1 | - | 14 | 10 | - |
| 1999 | 17 | - | - | - | - | 4 | 5 | 1 | - | 10 | 10 | - |
| 2000 | 41 | - | - | - | 5 | 15 | 7 | - | - | 27 | 18 | - |
| 2001 | 30 | - | 1 | - | 6 | 9 | 3 | - | - | 19 | 11 | 1 |
| 2002 | 21 | - | - | 3 | 5 | 4 | 2 | - | - | 14 | 6 | - |
| 2003 | 23 | 1 | - | 2 | 5 | 4 | - | - | 3 | 15 | 8 | 1 |
| 2004 | 28 | - | - | - | 4 | 10 | 2 | - | - | 16 | 10 | 1 |
| 2005 | 30 | - | - | 2 | 2 | 11 | 5 | - | - | 20 | 14 | 1 |
| 2006 | 25 | - | - | - | - | - | - | 5 | 1 | 6 | 4 | 4 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 29 | - | - | 4 | 1 | 3 | - | - | - | 8 | 15 | - |
| 2008 | 28 | - | - | - | - | - | - | - | - | 0 | 12 | - |
| 2009 | 23 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 1 | 7 | - |
| Се | 338 | 1 | 1 | 11 | 28 | 71 | 30 | 10 | 9 | 161 | 126 | 6 |

Извор: Сторители на кривични дела 1997-2009, Завод за статистика на РМ.

*Табела бр. 5 Преглед на пресудени лица со парична казна за кривичното дело криумчарење*

| Криумчарење | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парична казна | | | | | | | |
| Година | Вк. осудени | Преку 250 000 ден | Од 100001 до 250000ден | Од 50001 до 100000 | Од 20001 до 50000 ден | Од 5001 до 20000 ден | До 5000 ден |
| 1997 | 5 | / | / | 2 | 2 | 1 | / |
| 1998 | 13 | / | / | 1 | 7 | 5 | / |
| 1999 | 7 | / | / | 1 | 4 | 2 | / |
| 2000 | 14 | / | / | 2 | 7 | 5 | / |
| 2001 | 11 | / | / | 3 | 1 | 5 | 2 |
| 2002 | 7 | / | / | 2 | 3 | 2 | / |
| 2003 | 8 | / | / | 7 | 1 | / | / |
| 2004 | 12 | / | / | 5 | 6 | 1 | / |
| 2005 | 10 | / | 1 | 5 | / | 3 | 1 |
| | | Преку 30001 | | Од 10001 до 30000 | Од 5001до10000 | | До 5000 |
| 2006 | 8 | 2 | | 5 | 1 | | / |
| 2007 | 3 | 2 | | 1 | / | | / |
| 2008 | 14 | 13 | | / | 1 | | / |
| 2009 | 15 | 11 | | 4 | / | | / |
| Вк. | 114 | | | | | | |

Извор: Сторители на кривични дела 1997-2009, Завод за статистика на РМ.

За кривичното дело криумчарење во временскиот период од 1997 до 2009 год. се донесени пресуди и се изречени казни против 338 лица, тоа значи дека само 34,6% од вкупно пријавените лица биле осудени. Од вкупно осудените лица, против 161

лица (15% од вкупно пријавените) е изречена казна затвор, а против 114 лица е изречена парична казна (11,7%).

Од прегледот се гледа дека против едно лице во 2003 год. е изречена казна затвор во траење од три до пет години и против едно лице казна затвор во траење од две до три години и тоа во 2001 год. Против единаесет лица е изречена казна затвор во траење од една до две години. Против 23 лица е изречена казна затвор во траење од шест до 12 месеци. Најголем број казни затвор се изречени против 71 лица во траење од три месеци до шест месеци, против 30 лица се изречени казна затвор од два до три месеци, против десет лица се изречени казна затвор од еден до два месеци, додека пак за девет лица е изречена казна затвор во траење до 30 дена.

Од прегледот, исто така, се гледа дека против 114 лица се изречени парични казни. Против три лица е изречена парична казна во износ до 5.000 ден. Против 26 лица е изречена парична казна од 5.001 до 20.000 ден. До 2005 год. против едно лице е изречена парична казна од 10.0001 до 250.000 ден. Најголем број парични казни до 2005 год. се изречени против 31 лице во износ од 20.001 до 50.000 ден. Додека пак, за период од 2006 до 2008 год. кога од страна на Заводот е започнато поинакво класифицирање на паричните казни, се изречени парични казни против 17 лица во вредност преку 30.001 ден. Од вкупно изречената казна затвор за 315 лица, против 120 лица или 38,1% од казните биле условени. Изречени се само шест споредни парични казни.

Од податоците може да се види дека казните затвор (148 изречени казни затвор од вкупно 161 казна затвор или 92% од вкупно изречените казни затвор) повеќе се до 12 месеци што укажува на фактот дека биле откривани сторители на полесни кривични дела, како што се нарекуваат шверцери-торбари, а во мал број потешки и посложени облици на криумчарење извршени од организирани криминални групи.

Од резултатите на истражувањето произлегува дека изречените казни од страна на судиите за обвинетите кои се прогласени за виновни за сторување на кривичното дело криумчарење се

исклучително ниски и несоодветни на тежината на делата, нивната опасност и штетата која е причинета на буџетот на државата. Очигледно е дека со ваква политика на казнување, тешко може да се очекува постигнување на целта на казнувањето, изразена преку генералната и специјалната превенција. Структурата на изречените казни на сторителите на кривичното дело криумчарење, во суштина, не се разликува од структурата на изречените казни кај вкупниот криминалитет доминантно учество на казната затвор и паричната казна.

### 1.4. Малолетниците извршители на криумчарење

Од податоците на Заводот статистика може да се види дека бројот на малолетниците како извршители на криумчарење во периодот од 1997 до 2009 год. покажува тренд на опаѓање иако бројот на пријавени лица е симболичен. Ова се поткрепува со бројките кои покажуваат дека најголем број на кривични пријави се поднесени во 1997 год. и тоа против шест малолетни лица, потоа во 1998 год. е поднесена една кривична пријава, во 1999 год. се поднесени кривични пријави против пет лица, во 2000 год. против три лица, додека во 2001 год. само една кривична пријава против малолетник. Од 2002 до 2009 год. нема поднесено кривични пријави. Мислам дека ваквата состојба може да се објасни со специфичноста на ова дело дека овој вид на криминал има карактеристики на професионален криминалитет во смисла на искористување на професионални и стручни знаења од оваа сфера, дека за извршување на ова дело потребна е поголема подготвеност, организираност.

### 2. Феноменолошките карактеристики на царинските измами

Кривичното дело царинска измама претставува нов облик на измама во врска со царинското работење, всушност претставува посебен вид на измама со кое му е дадена посебна тежина, иако измамите во царинското работење можат да се подведат под

општото дело измама. Прв пат, како кривично дело, измамата во царинското работење е предвидено со измените и дополнувањата на КЗ од 2004 год.[532] Според стилизацијата на оваа одредба, на оваа сосема нова кривично-правна царинска норма произлегува дека таа опфаќа повеќе облици на извршување што, во своето основно битие, не само што ги опфаќа инкриминираните постапувања што се спротивно на ЦЗ, за плаќање на давачките и на даноците при увоз или при извоз на стока, ги опфаќа и елементите на битието на кривичното дело измама кое во својот основен и општ облик е регулиран со одредбата од чл. 247 од КЗ.

Суштината на царинската измама е во интересот. Неговото тежиште лежи во финансиските придобивки. Овој вид на измама денеска е во пораст што се поткрепува со податоците од различните институции кои се занимаваат со оваа проблематика, а дел од тие податоци ќе бидат анализирани понатаму во оваа глава. Кај ова кривично дело едниот постапува прикриено (измамникот), со користољубива цел, додека кај другиот (царинскиот работник) не постои свест дека е „жртва“ на однапред планирано „сценарио“.

### 2.1. Поднесени кривични пријави за кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и од тоа за кривичното дело царинска измама

*Табела бр. 6 Поднесени кривични пријави за кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и од тоа за кривичното дело царинска измама.*

| Година | Вкупно пријави против јавните финансии, платниот промет и стопанството | Вкупно пријави за кривичното дело цариннска измама | % на учество на ц.и. во вк.пријавените крив. дел. против стопанс. |
|---|---|---|---|
| 2005 | 580 | 11 | 1,9 |
| 2006 | 599 | 24 | 4.01 |
| 2007 | 569 | 67 | 11.77 |
| 2008 | 596 | 43 | 7,2 |
| 2009 | 543 | 37 | 6.82 |
| Вкупно | 2887 | 145 | 5.02 |

[532] КЗ, “Службен весник на РМ”, бр. 19/04.

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од изнесениот преглед јасно може да се види дека во сите години пријавените сторители на кривичното дело царинска измама учествуваат во просек 5% од вкупниот обем на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Тој процент во повеќе години се движи од 6% до над 11%, со тенденција за благо намалување во 2005 год. Најкарактеристичен е податокот од 2007 година, кога од вкупно пријавените кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичното дело царинска измама учествува дури со 11,77%. Општиот процент на учество на ова кривично дело во вкупно пријавените сторители на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството за сите пет години изнесува 5,03%. Ако се прави споредба на овој процент со процентот на кривично дело криумчарење тогаш овој процент е 50% помал. Што покажуваат овие податоци? Од овие податоци може да се заклучи дека е висока позицијата на ова кривично дело во вкупниот обем на поднесени кривични пријави за сите други кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството ако се земе предвид и бројот на кривични дела кои се предвидени во оваа глава во Кривичниот законик, и тоа повеќе од 20 кривични дела.

## 2.2. Обем на поднесени кривични пријави и одлуки по пријавите од 2005 до 2009 година

Во времето од 2005 до 2009 год. за кривичното дело царинска измама биле поднесени кривични пријави против 182 лица.

*Табела бр. 7 Преглед на поднесени кривични пријави и одлуки по пријави од 1997 до 2009 год.*

| Царинска измама | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Вк.прија вени | Отфрлена пријава | % на отфрл. пријави | Прекината истрага | Запрена истрага | Поднесено обвинение | Непознати сторители |
| 2005 | 11 | 4 | 36,36 | / | / | 7 | / |
| 2006 | 24 | 10 | 41,66 | / | 1 | 13 | / |
| 2007 | 67 | 7 | 10,45 | / | 1 | 53 | 6 |
| 2008 | 43 | 6 | 14,28 | 1 | 1 | 35 | / |
| 2009 | 37 | 7 | 19 | / | / | 30 | / |
| Вкупно | 182 | 34 | 18.68 | 1 | 3 | 138 | 6 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од податоците може да се види дека за кривичното дело царинска измама во 2005 год. биле пријавени 11 лица, а потоа во наредните години имаме зголемување, со мало намалување во 2007 год. Во 2007 год. се бележи позначително зголемување на кривичните пријави, бидејќи во таа година биле поднесени пријави против 67 лица, што е 150% повеќе во однос на претходната година. Но во наредните години бележиме пад во однос на 2007 год. Дали овие пријавени сторители на кривичното дело го покажуваат вистинскиот обем на делото, е доста сложено прашање. Меѓутоа, имајќи ги предвид сите околности за изминатите години во периодот на транзиција и приватизација на општествениот капитал, при што се констатирани значителни кршења на законот во услови на бројни форми и облици на незаконитост и царинска измама, во никој случај не може да се смета дека тоа што е пријавено за кривичното гонење претставува реален одраз на извршувањето на ова кривично дело.

### 2.3. Жените како извршители на царинската измама

Анализирајќи го односот на извршени царински измами како кривично дело од областа на царинскиот криминалитет, по половата припадност, се доаѓа до податоци дека царинските измами се претежно криминалитет на машките лица. Така, во временскиот период од 2005 до 2009 год., за кривичното дело

царинска измама до јавните обвинителства во Република Македонија се поднесени кривични пријави против девет жени што претставува 4,94% од вкупно поднесените пријави. Ако се споредува овој процент со процентот на поднесени кривични пријави против жените кај кривичното дело криумчарење (кој изнесува 2,9%) може да се види дека овој процент е скоро 60% поголем. Најкарактеристично е кога во 2006 год. се поднесени најголем број пријави против жените и тоа три, додека во 2005 год. нема поднесено пријава против женско лице.

Табела бр. 7 *Преглед на поднесени кривични пријави против жените од 2005 до 2009 год.*

| 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 3 | 2 | 2 | 2 | 9 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од табелата бр. 7 може да се види дека бројот на поднесените кривични пријави против жените е симболична и е многу мал што го потврдува познатиот факт дека машките лица вршат повеќе кривични дела отколку жените, дека криминалитетот е машка работа.

### 2.4. Казнената политика на судовите во однос на кривичното дело царинска измама, донесени пресуди и изречени казни

*Табела бр. 7 Преглед на пресудени лица за царинска измама*

| Царинска измама | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно осудени | Затвор | | | | | | | | | Условна осуда | |
| | | Од 3 до 5 год | Од 2 до 3 год | Од 1 до 2 год | Од 6 до 12 м. | Од 3 до 6 месец | Од 2 до 3 месец | Од 1 до 2 месец | До 30 дена | Вкупно затвор | Затвор | Парична казна |
| 2005 | 2 | - | - | | 1 | - | - | - | - | 1 | 1 | - |
| 2006 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 | - |
| 2007 | 7 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 | - |
| 2008 | 24 | - | - | - | - | - | - | - | - | 0 | 10 | 2 |
| 2009 | 22 | | | | | 1 | | | | 1 | 16 | 3 |
| Се | 38 | | | | 1 | 1 | | | | 2 | 34 | 5 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

*Табела бр. 8 Преглед на пресудени лица на парична казна за царинска измама*

| Царинска измама | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Парична казна | | | | | |
| Година | Вк. осудени | Преку 30001 | Од 10001 до 30000 | од 5001 до 10000 | До 5000 |
| 2005 | 1 | 1 | / | / | / |
| 2006 | 1 | 1 | / | / | / |
| 2007 | 4 | 2 | 1 | / | / |
| 2008 | 5 | 2 | 3 | | |
| 2009 | / | / | / | / | / |
| Вк. | 11 | | | | |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

За кривичното дело царинска измама во временскиот период од 2005 до 2009 год. се донесени пресуди и се изречени казни против 38 лица и тоа значи дека само 20.87% од вкупно пријавените лица биле осудени. Од вкупно осудените лица само против две лица е изречена казна затвор, а против 11 лица изречена е парична казна. Податоците за бројот на осудените лица дава друга слика отколку што е случај со податоците за бројот на пријавени лица. Од прегледот се гледа дека само против две лица и тоа против едно лице во 2005 год. е изречена казна затвор во траење од шест до 12 месеци и во 2009 год. и тоа со казна затвор до шест месеци. Од прегледот, исто така, се гледа дека против 11 лица се изречени парични казни. Против шест лица е изречена највисока парична казна во износ преку 30.001 денари додека пак за четири лица е изречена парична казна од 10.001 до 30.000 ден. Изречени се само две споредни парични казни. Најголем број парични казни се изречени во 2008 год., против пет лица. Алтернативната мерка условна осуда изречена е против 34 лица, и тоа 34 условни казни затвор и пет условни парични казни.

Од резултатите на истражувањето произлегува дека изречените казни од страна на судиите за обвинетите кои се прогласени за виновни за сторување на кривичното дело царинска измама скоро да не постојат, и тоа една казна затвор што е изречена исклучително е ниска и несоодветна на тежината на делата, нивната опасност и штетата која е причинета на буџетот на државата. Очигледно е дека со ваква политика на казнување дури е и полошо од ситуацијата што е кај криумчарењето, тешко може да се очекува постигнување на целта на казнувањето, изразена преку генералната и специјалната превенција.

### 2.5. Малолетниците извршители на царинската измама

Од податоците на Заводот за статистика може да се види дека бројот на пријавените малолетници како извршители на царинската измама во периодот од 2005 до 2009 год. е нула. Мислам дека ваквата состојба може да се објасни со специфичноста на ова дело, дека за извршување на ова дело потребна е поголема подготвеност, организираност, професионалност.

## 3. Феноменолошки карактеристики на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама

Со јакнење на репресијата со новото кривично дело прикривање на стоки што се предмет на криумчарење и царинска измама треба да придонесе кон намалување на сивата економија, односно појава и тргување со стоки над кои не се применети царинските прописи. Воведувањето на новата инкриминација прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама со измените и дополнувањата на КЗ од 2004 година е со цел за истовремено да се востановат ефикасни мерки на планот на казнено-правната репресија и притоа да се зајакне казнената политика во однос на новите форми на царински криминалитет со востановување на кривично-правни основи за санкционирање на кривичната одговорност за правните лица како

предуслов за успешно сузбивање на новите форми на царински криминалитет.

Покрај ова, со ова кривично дело, треба да се штити и трговијата како облик на стопанските активности, со која се врши купопродажба на стоките и другите добра наменети за употреба и потрошувачка. Од начинот како функционира трговијата во голема мера многу зависат од производни и други стопански дејности. Добро развиен промет на стока е битна претпоставка за успешно функционирање на стопанскиот систем. Поради ова неопходно е функционирањето на прометот со стока да биде правно регулирано и заштитено, особено од појавни облици на неговото незаконско вршење, односно од незаконското тргување со стоки кои се добиени од криумчарење и царинска измама.

Кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама (член 278-б) упатува на облик на организиран криминалитет со оглед на фазите на сторување и учеството на сторители, еднаш се врши криминалитет со пренесување на стоките за кои не се платени царинските давачки, а потоа треба овие стоки да се прикријат и да се подготват натамошни криминални активности за да се вклучат во пазарот како стоки добиени со кривично дело. Така ова кривично дело добива нов облик, а од друга страна тоа што службите претходно не успеале да го откријат треба да го откриваат.

### 3.1. Практични искуства од кривичното гонење на сторители на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама

Ќе бидат анализирани како и кај криумчарењето и царинската измама официјалните податоци на Државниот завод за статистика објавени во Статистичкиот преглед: Сторители на кривични дела за временскиот период од 2005 до 2009 год. Тоа е еден временски период што дава гаранција за поверодостојно согледување на одредени состојби и дава поголема можност за

оцени и заклучоци за успешноста, односно неуспешноста на откривањето и гонењето на сторители на кривични дела.

*Табела бр. 9. Преглед на поднесени кривични пријави за кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и од тоа за кривичното дело чл.278-б.*

| Година | Вкупно пријави против јавните финансии, платниот промет и стопанството | Вк. пријави за кривичното дело од чл. 278-б | % на учество на чл. 278-б. во вк.пријавените кр. д. против стоп. |
|---|---|---|---|
| 2005 | 580 | 1 | 0,18 |
| 2006 | 599 | 11 | 1,83 |
| 2007 | 569 | 20 | 3,52 |
| 2008 | 596 | 16 | 2,68 |
| 2009 | 543 | 22 | 4,05 |
| Вкупно | 2887 | 70 | 2,42 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од изнесениот преглед јасно може да се види дека во сите години пријавените сторители на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама учествуваат во просек од 2,4% во вкупниот обем на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството за сите пет години. Тој процент се движи од минимум 0,18% (2005) до максимум 4,05% (2009), со тенденција за благо зголемување во 2006, 2007 и 2009 и благо намалување во 2008 год. во споредба со 2007 год. Најкарактеристичен е податокот од 2009 год., кога во вкупно пријавените кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама учествува дури 4,05%. Ако се прави споредба на овој процент со процентот на кривично дело криумчарење и царинска измама тогаш овој процент е многу помал. Што покажуваат овие податоци? Од овие податоци може да се заклучи дека е мал бројот на пријавени сторители за ова кривично дело дека темната бројка на откривање на сторители е многу висока и дека органите на прогонот треба да му посветат поголемо внимание при откривањето. Сивата економија која е многу голема е цврст

доказ дека органите на прогонот при откривањето повеќе внимание им посветуваат на другите две царински кривични дела отколку на ова кривично дело.

### 3.2. Обем на поднесени кривични пријави и одлуки по пријавите од 2005 до 2009 година

Во времето од 2005 до 2009 год. за кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама биле поднесени кривични пријави против 48 лица.

*Табела бр. 10 Преглед на поднесени кривични пријави и одлуки по пријави од 2005 до 2009 год.*

| **Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Вк.пријавени | Отфрлена пријава | % на отфрлени | Прекината истрага | Запрена истрага | Поднесено обвинение | Непознати сторители |
| 2005 | 1 | / | 0 | / | / | 1 | / |
| 2006 | 11 | / | 0 | / | / | 11 | / |
| 2007 | 20 | / | 0 | / | / | 20 | / |
| 2008 | 16 | / | 0 | / | / | 16 | / |
| 2009 | 22 | 2 | 10 | / | / | 19 | 1 |
| Вкуп. | 70 | 2 | | / | / | 48 | 1 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од податоците може да се види дека за кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама во 2005 год. било пријавено само едно лице, а потоа во 2006 год. имаме позначително зголемување на бројот на пријавени бидејќи во таа година биле поднесени кривични пријави против 11 лица, што е многу повеќе во однос на 2005 год. Во 2006 год. бројката изнесува 20 лица што покажува тренд на зголемување на бројот, а во 2008 год. бројката изнесува 16 лица што покажува мало намалување во однос на 2006 и 2007 год., потоа пак имаме покачување на бројот на пријавените во 2009 год на 22 пријавени лица. Дали овие пријавени сторители на кривичното дело го покажуваат вистинскиот обем на делото, е доста сложено прашање, во никој случај не може да се смета дека тоа што е пријавено за кривичното гонење претставува реален

одраз на извршувањето на ова кривично дело. Уште позначајно е прашањето каков е резултатот од кривичното гонење, односно резултатот од поднесените пријави, поднесените обвиненија и донесените пресуди, на кои прашања посебно ќе се задржиме.

### 3.3. Жените како извршители на кривичното дело од членот 278-б на КЗ

*Табела бр.11. Преглед на поднесени кривични пријави за кр.д. од чл. 278-б против жените од 2005 до 2009 год.*

| 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | Вкуп |
|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Во временскиот период од 2005 до 2009 год., за кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама, до јавните обвинителства во РМ се поднесени кривични пријави против две жени и претставува 2,86% од вкупно поднесените пријави. Ако се споредува овој процент со процентот на поднесени кривични пријави против жените кај кривичното дело криумчарење (кој изнесува 2,9%) и царинска измама (4,82) може да се види дека овој процент е скоро 60% поголем во однос со кривичното дело криумчарење и скоро ист со кривичното дело царинска измама.

Анализирајќи го односот на извршени кривични дела од областа на царинскиот криминалитет, по половата припадност според наведените податоци за трите типични царински казнени дела, се доаѓа до заклучок дека царинскиот криминалитет е криминалитет на машките лица дека органите на прогонот треба повеќе внимание да им посветуваат на машките лица отколку на женските лица при преминување на царинската линија и пријавување на стоки.

Пред се не може да се занемари фактот дека се уште е голем бројот на машките лица, во споредба со женските лица, кои се вработени во стопанството, жените значително помалку работат

на одговорни работни места, сé уште не им се достапни одредени работни места и положби како во стопанството, така и во другите политички, правни и други институции, а со тоа и помалку доаѓаат во ситуација да вршат криминални активности, кои можат да ги вршат само вработени лица. Жената, во одредени средини сé уште е врзана за семејството, многу помалку е изложена на влијанието на општествениот живот и поради тоа многу поретко доаѓа во ситуација да извршува царински казнени дела.

### 3.4. Казнената политика на судовите во однос на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама, донесени пресуди и изречени казни

За кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама во временскиот период од 2005 до 2009 год. се донесени пресуди и се изречени казни против 14 лица, тоа значи дека само 20.0% од вкупно пријавените лица биле осудени. Од вкупно осудените лица, само против три лица е изречена казна затвор, а против пет лица е изречена и парична казна.

*Табела бр.12 Преглед на осудени лица за прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама*

| Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно осудени | Затвор | | | | | | | | | Условна осуда | |
| | | Од 3 до 5 год | Од 2 до 3 год | Од 1 до 2 год | Од 6 до 12 месец | Од 3 до 6 месец | Од 2 до 3 месец | Од 1 до 2 месец | До 30 дена | Вкупно затвор | Затвор | Парична казна |
| 2005 | 3 | - | - | - | - | 1 | 2 | - | - | 3 | 3 | - |
| 2006 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 | - |
| 2007 | 7 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 | - |
| 2008 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 2 |
| 2009 | 0 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | 14 | | | | | | | | | | 11 | 2 |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

*Табела бр.13 Преглед на осудени лица на парична казна за прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама*

| Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Парична казна | | | | | |
| Годин | Вк. Осудени | Преку 30001 | Од 10001 до 30000 | од 5001 до 10000 | До 5000 |
| 2005 | / | / | / | / | / |
| 2006 | 1 | / | 1 | / | / |
| 2007 | 3 | 2 | 1 | / | / |
| 2008 | 1 | 1 | / | / | / |
| 2009 | / | / | / | / | / |
| Вк. | 5 | | | | |

Извор: Сторители на кривични дела 2005-2009, Завод за статистика на РМ.

Од прегледот се гледа дека само во 2005 год. се изречени казни затвор и тоа против едно лице казна затвор во траење од три до шест месеци затвор и против двајца од две до три месеци затвор. Од прегледот, исто така, се гледа дека против пет лица се изречени парични казни. Против три лица е изречена највисока парична казна во износ преку 30001 ден., додека пак за две лица е изречена парична казна од 10.001 до 30.000 ден. Од резултатите на истражувањето произлегува дека изречените казни од страна на судиите за обвинетите кои се прогласени за виновни за сторување на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама скоро да не постојат, и тоа една казна затвор што е изречена е исклучително ниска и несоодветна на тежината на делата, нивната опасност и штетата што е причинета на буџетот на државата. Очигледно дека со ваква политика на казнување дури и полошо од ситуацијата што е кај криумчарењето и царинската измама и тешко може да се очекува постигнување на целта на казнувањето, изразена преку генералната и специјалната превенција. Од изнесените подато-

ци за трите царински кривични дела посебно внимание заслужува односот не поднесени кривични пријави и учеството на осудените лица во вкупната маса на поднесените кривични пријави. Во целина, податоците покажуваат дека помалку од една третина од поднесените кривични пријави се правосилно осудени, што е загрижувачки.

### 3.5 Малолетниците извршители на Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама

Од податоците на Заводот на статистика може да се види дека бројот на пријавените малолетници како извршители на кривичното дело прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама во периодот од 2005 до 2009 год. е нула. Мислам дека ваквата состојба може да се објасни со специфичноста на ова дело, дека за извршување на ова дело е потребна поголема подготвеност, организираност и професионалност. Царинскиот криминалитет не го вршат лица од сите возрасти. Според изнесените податоците од Заводот за статистика за трите царински казнени дела може да се види дека извршители на овие дела се лица од 18 до 65 години. Тоа е време кога човекот економски, физички и психички е најактивен и време кога се решаваат многу семејни прашања, а исто така време во коешто човекот создава и се здобива со имот.